Врз основа на Законот за здруженија и фондации, согласно Статутот на ЗДРУЖЕНИЕ МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА ЗА МОДЕРНИ ТАНЦИ-Скопје, со седиште во Скопје, на ул. Владимир Комаров бр. 1а локал 1 Општина Аеродром, а согласно Одлуката за изменување и дополнување на Статутот донесена на Собранието на Здружението, на својата седница одржана на ден 25.03.2013 година се донесе следниот:

# С Т А Т У Т
(пречистен текст)

# На ЗДРУЖЕНИЕ МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА ЗА МОДЕРНИ ТАНЦИ - Скопје

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Статут се регулираат следните односи на Здружението на Македонска Асоцијација за модерни танци-Скопје:

- Назив и седиште на Здружението
- Претежна дејност
- Знакот и симболот на Здружението
- Цели и дејности со кои се остваруваат целите
- Услови за зачленување, исклучување и претсанок на членувањето
- Правата,обврските и одговорностите на членовите
- Органи на управување, нивниот состав, начинот на избор и разрешување; траење на мандатот на членовите во органите; овластување и обврски на органите; начин на одлучување и функционирање на органите; овластување и обврски на органите; начин на одлучување и функционирање на органите;
- Застапување;
- Начинот на стекнување и располагање со средствата;
- Начин на донесување, изменување и дополнување на Статутот;
- Начин на одлучување за статусни промени;
- Постапување со средствата и/или имотот во случај на престанок на Здружението;
- Други односи утврдени со Законот и актот за основање;

Член 2

Здружение Македонска Асоцијација за Модерни Танци (во понатамошниот текст МАМТ-Скопје) е граѓански сојуз на здруженија на танцови асоцијации и други правни и физички лица, чија дејност е поврзана за спортски, уметнички и модерен танц.

МАМТ-Скопје делува како здружение, со цел да ја негува и развива смислата за оваа дејност, а сето тоа во рамките на аматерско-спортска културна и образовна програма.

МАМТ-Скопје ја организира и усмерува дејноста во областа на културно-рекреативно спортски активности, каде членовите ги задоволуваат своите потреби, воедно негувајќи го овој вид на дејност на потребно спортско, културно и уметничко ниво.

МАМТ-Скопје во остварување на своите цели и задачи е самостојна организација со Статут на здружение на граѓани и својство на правно лице со права и обврски кои произлегуваат од Уставот на РМ, Законот за спорт и овој Статут.

2. НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 3

Називот на Здружението е:

МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА ЗА МОДЕРНИ ТАНЦИ-Скопје

Назив на асоцијацијата на англиски јазик е:

МАЦЕДОНИАН АСОТИАТИОН ОФ МОДЕРН ДАНЦЕС-Скопје

**Скратен наслов** на асоцијацјата е: МАМТ-Скопје, на англиски јазик: MAMD

Член 4

**Седиште** на Здружение Македонска Асоцијација за модерни танци-Скопје е во Скопје, на адресата: Владимир Комаров број 1а, локал 1, Општина Аеродром.

МАМТ-Скопје делува на подрачјето на Република Македонија.

Член 5

Здружението МАМТ-Скопје има статус на правно лице.
Со својство на правно лице МАМТ-Скопје се стекнува со уписот во регистарот кој го води Централниот Регистар на Република Македонија.
МАМТ-Скопје неможе да се трансформира во други видови на правни лица.

Член 6

Времетраењето на Здружението МАМТ-Скопје е на неопределено време.

Член 7

Здружението МАМТ-Скопје има свој печат и штембил.

**Печатот** е тркалезен и го содржи името: **МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА ЗА МОДЕРНИ ТАНЦИ-Скопје,** а во средина се наоѓа лого на танцувач.

**Штембилот** на МАМТ-Скопје е правоаголен со текст идентичен на текстот од претходниот став.

Прилог лого



## 3. ПРЕТЕЖНА ДЕЈНОСТ

Член 8

Претежна дејност на Здружението е: 93.19 останати спортски активности
Основна дејност на МАМТ-Скопје е: Модерни танци и останати спортски активности.
Организационен облик: 10.2-......спортско здружение

Член 9

Работата на МАМТ-Скопје е јавна.
Јавноста на работата се обезбедува согласно со одредбите на овој Статут.

## 4.ОСНОВНИ НАЧЕЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 10

Работата на МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА ЗА МОДЕРНИ ТАНЦИ-Скопје се базира на ОСНОВНИ НАЧЕЛА:

1. независност
2. јавност и транспарентност
3. непрофитност
4. непартиско дејствување
5. иницијативи во јавниот живот

Член 11

МАМТ-Скопје е независно во управувањето, определувањето и остварувањето на целите и дејностите увврдени со овој Статут, а во соглсност со Уставот и Закон

Член 12

Работата е јавна, а јавноста се обезбедува со:

-Право на секој член непосредно и посредно да ја следи работата на сите органи:
-Увид во програмите, задачите и целите при нивното донесување и реализирање:
-Увид во материјалното и финансиско работење преку Надзорниот Одбор:
-Преку објавување на сите акти и резултати на огласна табла.

Член 13

МАМТ-Скопје не се основа за стекнување со добивка.
Доколку во работењето се оствари добивка таа мора да биде употребена за остварување на целите утврдени со овој Статут.

Член 14

МАМТ-Скопје неможе да врши политички активности или да го користи својот имот и средства за остварување на цели на политички партии.
Како политичка активност во смисол на ставот 1 на овок член, се подразбира директно учество во изборните кампањи, собирање на средства на изборните кампањи и финансирање на политичките партии.

Член 15

МАМТ-Скопје може слободно да ги искажува и промовира своите ставови и мислења за прашања од свој интерес, да поведува иницијативи и да учествува во градење на јавно мислење и креирање на политиките.

## 5. ЦЕЛИ И ДЕЈНОСТИ СО КОИ СЕ ОСТВАРУВААТ ЦЕЛИТЕ

Член 16

За извршување на целите и задачи, поради кои е основано Здружението, како и заради извршување на стручни, административно-технички работи може да формира засебна стручна служба.

Член 17

Лицата вработени во стручните служби на Здружение МАМТ-Скопје вршат работи од интерес за реализација на целите и задачите на Здружението.

Член 18

МАМТ-Скопје ги остварува целите и задачите кои се од интерес за модерниот танц во Република Македонија а се во корист на неговите челнови, а посебно:

1. Ги застапува заедничките интереси на членовите на МАМТ пред државните и другите спортски органи и организации, учествува во подготовката на прописите од интерес на своите членови и дава мислење на нацрт предлозите и прописите:
2. Превзема активности за унапредување и омасовување на спортскиот танц;
3. Ги развива танцовите вештини (умешности) на таканаречените СЦЕНСКИ ТАНЦИ: степ (STEP), Денс шоу (DANCE SHOW), Балет (BALLET), Модерен Балет (MODERN), Џез Денс (JAZZ DANCE), АКРОБАТСКИ (ГИМНАСТИЧКИ) ТАНЦ, КАРАКТЕРНИ ФОЛК И ЕТНО ТАНЦИ, (ПАНТОМИМСКИ МИМИЧКИ ТАНЦИ), THEATRE ARTS, EXEBITION SHOW CASE.
4. Развива танцови вештини таканаречени “**STREET DANCE-POP “ТАНЦИ:** DISCO DANCE,DISCO FREE STYLE. “HIP-HOP”, BREAK DANCE, ELECTRIC BOOGIE, DISCO-SHOW.
5. Развива **посебни танци во двојки**: ТАНГО АРГЕНТИНО, МАМБО, САЛСА, MERENGUE, MIXING BLUES, ACRO MIXING BLUES, HOT BLUES, SWING DANCE, BUUG, HOT BLUES
6. Развива **Латино и Стандардните шоу** танци.
7. Развива **CHEERLEADER** (ЧИРЛИДЕР) танци.
8. Развива и нови модерни тенденции во танцот LISCIO 1, LISCIO 2, NEW VOGUE, OLD TIME, COUNTRY WESTERN, AMERICAN BALLROM, SEQENCE/ROUND;
9. Организира и дава стручна помош на своите членови во унапредување на нивната работа;
10. Организира обновување и унапредување на знаењето на кадрите во спортскиот танц;
11. Ги утврдува правилата на однесување на своите членови вонивните меѓусебни односи;
12. Работи на развивање на спортскиот морал и спортскиот дух кај своите членови;
13. Организира работа со деца со пречки во развојот, како и со останатите хендиепирани деца, како и специјални натпревари за нив;
14. Ја поттикнува работата на своите членови со доделување на гради и признанија за особени резултати и придонеси за развојот и унапредување на спортскиот танц во Македонија;
15. Остварува меѓународна соработка, во согласност со усвоената меѓунаодна политика на МАМТ-Скопје.
16. Организира и обезбедува функционирање на единствен информативен систем за потребите на спортскиот танц и дава потребни информации на своите членови преку сопствен систем на информирање во земјата и странство.
17. Планира и организира меѓународни натпревари и манифестации во спортскиот танц во Република Македонија;

18. Организира учество на танчери и танцов репрезентација на меѓународни натпревари, во рамките на усвоената политика на МАМТ-Скопје.

Член 19

Поради постигнување на целите и задачите предвидени со овој Статут. МАМТ-Скопје може да формира Подружници.

Член 20

МАМТ-Скопје е член на меѓународна танцова асоцијација (**ИДО**)
МАМТ-Скопје со одлука на Собранието може да се зачлени во спортскиот сојуз на РМ. МАМТ-Скопје со своите членови функционира како единствен систем во модерните танци во Република Македонија.

Член 21

Членовите на МАМТ-Скопје своите права во ИДО ги остваруваат преку МАМТ.

Член 22

Членовите во остварување на своите цели и задачи самостојно ја уредуваат внатрешната организација и работа со Статутот, согласно со Уставот на Република Македонија, Законот за здруженија, Законот за спорт и Статутот на МАМТ-Скопје.

## 6. Членовите на МАМТ-Скопје, нивните права, обврски и одговорност

Член 23

Членовите на МАМТ-Скопје се еднакви во правата, обврските, одговорностите и условите при стапување во МАМТ-Скопје.
Членовите се запишуваат во евиденцијата на матичната книга на МАМТ-Скопје.

Член 24

Права и обврски на членовите на МАМТ-Скопје се:

1. Во рамките на МАМТ-Скопје ги покренуваат и разгледуваат сите прашања од дејноста на МАМТ-Скопје со цел ѕнапредување на спортскиот, уметничкиот и модерниот танц во Република Македонија.
2. Права и обврски на МАМТ-Скопје се да: непосредно или преку свои претставници во МАМТ-Скопје да даваат предлози, сугестии и мислења за донесување на соодветни одлуки, заклучоци и бараат интервенција на МАМТ-Скопје кај надлежните спортски државни организ поради заштита на своите интереси и интересите на спортскиот, уметничкиот и модерниот танц во Република Македонија.
3. Користат помош и услуги кои ги вршат МАМТ-Скопје во рамките на своите дејности.
4. Ги избираат своите претставници во органите и формите на организирање и работата на МАМТ-Скопје.
5. Даваат податоци и информации на МАМТ-Скопје кои таа од нив ги бара поради извршување со Законот и Статутот предвидени работи и задачи.
6. Меѓусебно соработуваат за остварување на целите и задачите утврдени со Статутот и другите акти на МАМТ-Скопје и меѓусебно го негуваат и ценат спортскиот дух и морал.
7. Учествуваат во утврдување на планот и програмата за работа на МАМТ-Скопје.
8. Учествуваат во стручните активности на МАМТ-Скопје.
9. Редовно ја подмируваат членарината и другите финансиски обврски кон МАМТ-Скопје.

10. Ги исполнуваат обврските утврдени со Статутот и другите општи акти на МАМТ-Скопје.

Член 25

Член на МАМТ-Скопје станува правно лице основано согласно закон чија дејност е поврзана за спортски, уметнички и модерни танци (во понатамошниот текст-“танцов клуб”) и физички лица со исполнување на следните услови:

1. Поднесува барање за прием на членство во МАМТ-Скопје.
2. Приложува примерок од Актот за основање на правното лице, Тековна состојба од ЦР на РМ не постара од 30 дена, документ за идентификација за физичко лице согласно уставот на РМ, Законот за спорт и Статутот на МАМТ-Скопје.
3. Дава изјава дека во целост го прифаќа Статутот и другите општи акти на МАМТ-Скопје.
4. Плаќа пропишана уписнина.

5.
6.

Член 26

Член на МАМТ-Скопје не може да биде танцов клуб чија дејност :

- е насочена кон кршење на уставот и законите на Република Македонија;
- е насочена кон поттикнување на национална, верска или расна нетрпеливост или поттикнување односно вршење на кривични дела;
- е спротивна на целите и задачите на МАМТ-Скопје;
- е спротивна на Кодексот на однесување на МАМТ-Скопје.

Член 27

Одлуката за прием во членство Управниот одбор на МАМТ-Скопје ја донесува најдоцна во рок од 45 дена од денот на приемот на барањето во кое е приложена потребната документација од член 25 на овој Статут.

Одлуката за прием во членство Управниот одбор ја донесува по свое слободно убедување врз основа на слободна оцена.

Одлуката на Управниот одбор е конечна.

Одлуката за прием во членство стапува во сила од денот на уплатата на уписнината.

Уплатата на уписнината се врши врз основа на фактура, а доказ за уплатата се доставува до МАМТ-Скопје во рок од 10 дена по приемот на фактурата.

Член 28

Доколку Управниот одбор го одбие приемот во членство, повторно барање за прием во членство во МАМТ-Скопје може да се поднесе по истекот на 6 (шест) месеци од денот на приемот на одлуката со која барателот е одбиен.

Член 29

Својството на член на МАМТ-Скопје престанува:

1. Со бришење на членот од регистар на надлежниот државен орган;
2. На писмено барање на членот;
3. Со одлука на надлежниот орган на МАМТ-Скопје.

Член 30

Одлука за престанок на својство на член на МАМТ-Скопје ја донесува Управниот одбор на МАМТ-Скопје кога ќе се утврди дека членот повеќе не ги исполнува условите предвидени со Статутот за прием за членство во МАМТ-Скопје.

Членството во МАМТ-Скопје престанува и во случај кога танцовиот клуб повеќе од 1 година од денот на прием во членство не пријавува учество на своите танчери на натпревари или не ги исполнува другите услови во поглед на учество на танчери на натпревари утврдени со правилникот за натпреварување.

Одлуката на Управниот одбор за исклучување е конечна.

Членството во МАМТ-Скопје автоматски престанува кога членот по истекот на рокот од една година од денот на мирување не се реактивира под услови предвидени со овој Статут. Одлуката на Управниот одбор за престанување на членството по оваа основа е конечна и извршна.

Членството во МАМТ-Скопје престанува и во случај кога членката на МАМТ-Скопје не плати една годишна членарина, а не поднесе барање за мирување во членството поради финансиски потешкотии.

Член 31

Ако членот на МАМТ-Скопје со своето дејствување, неактивност, неизвршување на обврските, го нарушува угледот и интересите на МАМТ-Скопје, Управниот одбор ќе го предупреди за недостатоците и ќе предложи потребни мерки, вклучувајќи и разрешување на поедини органи и носители на функции.

Ако и покрај предупредувањата и превземените мерки членот на МАМТ-Скопје не ги отстрани недостатоците со кои се нарушува угледот и интересите на МАМТ-Скопје и неговите членови, Управниот одбор на МАМТ-Скопје може да донесе одлука и за исклучување од МАМТ-Скопје. Секој член на МАМТ-Скопје може да поднесе предлог за донесување на одлука од ставот 2 од овој член.

Член 32

Со престанување на членството во МАМТ-Скопје престанува и мандатот на претставниците на членовите во органите и работните тела на МАМТ-Скопје , право за организирање на натпревари како и право за учество на натпреварите под покровителство на МАМТ-Скопје.

Во случај на престанок на својството на член на МАМТ-Скопје, повторно барање за прием во членство во МАМТ-Скопје може да се поднесе по истекот на 6 (шест) месеци од денот на престанокот на својството на член на МАМТ-Скопје.

Член 33

Членката на МАМТ-Скопје може да поднесе барање и поради финансиски потешкотии да се одложи плаќањето на членарината во МАМТ-Скопје (состојба на мирување).

Барање за мирување во членството на МАМТ-Скопје може да се усвои под услов тоа да биде поднесено пред втора последователна обврска за плаќање на членарината (доколку членката во моментот на поднесување на барањето должи половина годишна членарина). Одлуката по барањето на членката ја донесува Управниот одбор и истата е конечна.

Членката која е во мирување нема право на учество на натпреварите на МАМТ-Скопје, ниту пак право за одлучување и вршење на функции во органите на МАМТ-Скопје. Состојбата на мирување може да трае најмалку 6 месеци, а најмногу 1 година од денот на донесената одлука на Управниот одбор.

Мирувањето може да се одобри само во текот на натпреварувачката сезона.

Во времето на мирување не се смета периодот вон натпреварувачката сезона.

Членката на МАМТ-Скопје може да се реактивира најдоцна во рок од 30 дена по завршувањето на периодот на мирување, под услов да уплати износ во висина на

предвидената уписнина и членарина за следниот месец, како и доказ за уплата на сите претходни заостанати финансиски обврски и да достави доказ за извршена уплата до генералниот секретар на МАМТ-Скопје.

Членката која не се реактивирала во рокот предвиден во предходниот став од овој член автоматски престанува да биде член на МАМТ-Скопје.

Член 34

Секој натпреварувач на членката која се наоѓа во мирување има право на прием во друга членка на МАМТ-Скопје под услов да ги има подмирено сите финансиски обврски кон матичната членка.

**7.Танцови натпревари**

Член 35

МАМТ-Скопје е организатор или покровител на натпревари на модерни танци на ниво на Република Македонија во следните дисциплини:

1. Сценски танци;
2. Улични танци;
3. Посебни танци во двојки;
4. Латино и стандардни шоу танци
5. Чирлидер танци;

МАМТ-Скопје ги утврдува правилата и условите за организирање на натпревари на овие дисциплини на ниво на Република Македонија.

Член 36

Танцовите организации, асоцијации, клубови и поединци кои не се членови на МАМТ-Скопје, не можат да учествуваат на натпревари организирани од страна на МАМТ-Скопје и меѓународни танц клуб натпревари организирани од ИДО и не можат да бидат членови на танцовата репрезентација.

Член 37

Управниот одбор со општ акт може да воспостави потполн или делумен систем на лиценцирање (танчери, танцови судии и тренери), како услов за учество на натпревари и танцово образование (надградување) кои се организираат од страна на МАМТ-Скопје или под негово покровителство и се во согласност со ИДО.

Член 38

Танц клубовите и спортистите можат да учествуваат на натпревари во организација на МАМТ-Скопје или под негово покровителство ако ги исполнуваат условите утврдени со правилата на МАМТ-Скопје.

**8. Управување и раководење**

Член 39

Со асоцијацијата управуваат нејзините членови преку своите претставници во органите на МАМТ-Скопје.

Членови на МАМТ може да бидат танц клубови, индивидуални членови и почесни членови.

Член 40

Органи на Македонската Асоцијација за Модерни танци се:

1. Собрание
2. Управен одбор

3. Претседател на МАМТ-Скопје
4. Потпретседател на МАМТ-Скопје
5. Генерален секретар на МАМТ-Скопје
6. Спортски директор на МАМТ-Скопје
7. Судиски директор на МАМТ-Скопје

## 1. СОБРАНИЕ

Член 41

Собранието е највисок орган на МАМТ-Скопје.

Член 42

Собранието го сочинуваат претседателот на МАМТ кој е и претседател на Собранието и по два претставника од танц клубовите членки на МАМТ-Скопје:

- Кој најмалку 2 години пред одржувањето на собранието непрекинато членува во МАМТ-Скопје;
- Чии натпреварувачи учествувале на најмалку 50% натпревари одржани во последните 2 години пред одржувањето на собранието;
- Кој има најмалку 3 регистрирани натпреварувачи во МАМТ-СКОПЈЕ .

Делегатите мораат да имаат уредно потпишано или заверено полномошно од членот на МАМТ-Скопје.

Член 43

Собранието ги врши следните работи

**А) Донесува и усвојува:**

- Статут на МАМТ-Скопје;
- Деловник за работа на собранието;
- Програма за работа на МАМТ-Скопје;
- Финансиски план и завршна сметка;
- Годишен извештај за работата на МАМТ-Скопје и неговите органи;
- Кодекси и други правила на однесување на членовите на МАМТ-Скопје;
- Одлуки за недвижностите на МАМТ-Скопје ;
- Одлуки за промена на Статутот;
- Одлука за престанок на работата на МАМТ-Скопје;
- Систем на натпреварување и танцово образование на ниво на РМ;
- Одлуки за пристапување во други домашни и странски асоцијации;
- Одлуки кои му се ставени во надлежност со овој статут.

**Б) Бира, донесува и разрешува:**

- Претседател на МАМТ-Скопје кој по функција е и претседател на Управниот одбор;
- комисии на МАМТ-Скопје.

Собранието може да ги разреши од должноста именуваните лица и пред истекот на мандатот, доколку утврди дека не ги извршуваат своите обврски или ги злоупотребуваат правата.

За извршување на одредени работи собранието може да оформи комисии.

Со одлуката за формирање на комисијата се утврдува нејзиниот состав и работа.

Член 44

Собранието работи на своите седници, кои се свикуваат по потреба, најмалку еднаш во годината.

Собранието го свикува и со него раководи претседателот на Управен одбор.

Собранието се свикува по барање на управниот одбор или најмалку третина на членовите на собранието.

Член 45

Собранието може да работи ако на седницата присуствуваат повеќе од половина членови. Собранието ги донесува одлуките со мнозинство на гласовите од присутните членови.

Работата на собранието се регулира со деловник за работа.

Одлука за престанок на работата на МАМТ-Скопје собранието ја донесува со двотретинско мнозинство од вкупниот број на членови.

## 2. УПРАВЕН ОДБОР

Член 46

Управниот одбор е орган на управување на МАМТ-Скопје.

Претседателот на МАМТ-Скопје е Претседател на Управниот одбор.

Член 47

Управниот одбор брои 5 члена, и тоа претседателот, потпретседателот генералниот секретар, спортскиот директор и судискиот директор на МАМТ-Скопје.

Член 48

Мандатот на членовите на управниот одбор трае 4 години со право на реизбор.

Мандатот на членот на управниот одбор на МАМТ-Скопје може да престане и пред истекот на мандатот ако:

1. поднесе оставка;
2. го отповика собранието поради непридржување на одредбите од статутот и другите општи акти на МАМТ-Скопје, односно поради неприсуство на седници на управниот одбор;
3. со престанок на работата на спортската организација, асоцијација или клубот чиј член е;
4. на образложено барање на предлагачот.

Член 49

Управниот одбор работи на седниците кои се одржуваат по потреба.

Седниците на управниот одбор ги свикува претседателот на управниот одбор на МАМТ-Скопје, а во случај на негова спреченост, потпретседателот, кој тој го определил или најстариот член на управниот одбор.

Седниците на управниот одбор на МАМТ-Скопје задолжително се свикуваат на барање на најмалку 3 члена од управниот одбор и генералниот секретар.

Член 50

Управниот одбор полноправно одлучува на седниците на кои присуствуваат мнозинството од неговите членови, а одлуките ги донесува со мнозинство од присутните членови.

Член 51

Управниот одбор ги извршува следните функции:

1. Ги спроведува одлуките на собранието на МАМТ-Скопје ;
2. Раководи со работата на МАМТ-Скопје помеѓу седниците на собранието;
3. Го утврдува предлог статутот на МАМТ-Скопје и предлозите на општи акти кои ги донесува собранието, предлог програма за работа и предлог финансиски план на МАМТ-Скопје ;
4. Ги донесува општите акти на МАМТ-Скопје чие донесување не е во надлежност на собранието: правилник за организација на МАМТ-Скопје , правилник за систематизација на работните места, натпреварувачки правилник, правилник за дисциплинска и материјална одговорност, колективен договор, правилник за наградување и признанија и др.;
5. Оформува стучен совет и ги верификува неговите одлуки;
6. Ги избира членовите на натпреварувачката комисија и други повремени комисии, кои не се во надлежност на Собранието;
7. Ги одобрува службените патувања во земјата и странство;
8. Одлучува за висината на членарината која членовите ја плаќаат на МАМТ-Скопје ;
9. Одлучува за висината на уписнината - членарина за прием на членство во МАМТ-Скопје ;
10. Утврдува протокол и програма за меѓународна спортска соработка и меѓународни натпреварувања кои се во надлежност и интерес на МАМТ-Скопје ;
11. Го утврдува календарот пропозициите на републичките натпревари и одлучува за местото на нивното одржување како и за непосредниот организатор;
12. Одлучува за местото на одржување на меѓународните натпреварувања кои се во организација на МАМТ-Скопје како и за непосредниот организатор на натпреварот;
13. Ги бира и отповикува претставниците во органите и телата на организациите и сојузите во кои МАМТ-Скопје членува;
14. Доделува награди и признанија на МАМТ-Скопје ;
15. Врши други работи од дејноста на МАМТ-Скопје кои не се во надлежност на собранието.

### 3. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАМТ-СКОПЈЕ

Член 52

Претседателот на МАМТ-Скопје го избира собранието на МАМТ-Скопје од редовите на истакнати општествени и спортски работници , на предлог на управниот одбор на МАМТ-Скопје или најмалку 5 членови на собранието на МАМТ-Скопје врз основа на поднесена програма.

Претседателот на МАМТ-Скопје се избира за време од 4 години и може да биде повторно биран.

Претседателот на МАМТ-Скопје за својата работа одговара пред собранието на МАМТ-Скопје .

Претседателот на МАМТ-Скопје е и претседател на управниот одбор. Мандатот на претседателот на МАМТ-Скопје му престанува со поднесување на оставка или негово разрешување.

Член 53

Претседателот на МАМТ-Скопје :

- Го претставува и застапува МАМТ-Скопје и е налогодавател за извршување на финансискиот план;

- Раководи со работата на МАМТ-Скопје и е одговорен за законитоста на работата на МАМТ-Скопје ;
- Ги утврдува предлозите и општите акти како и одлуките кои го донесува управниот одбор на МАМТ-Скопје , освен оние предлози кои ги утврдува генералниот секретар;
- Организира, усмерува и врши координација на соработката со надлежните државни органи и другите органи и организации;
- Ги бира и разрешува потпретседателот, судискиот директор, спортскиот директор и генералниот секретар на МАМТ-Скопје ;
- Одобрува службени патувања во странство;
- Одредува надокнада за стручните соработници на МАМТ-Скопје ;
- Потпишува посебни колективни договори во областа на спортот;
- Врши и други работи одредени во овој Статут и законот за спорт на РМ;

Претседателот на МАМТ-Скопје, одредени овластувања од своите ингеренции може да ги пренесе на потпретседателот и генералниот секретар на МАМТ-Скопје .

## 4.ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАМТ-Скопје

Член 54

МАМТ-Скопје има потпретседател кој го избира Претседателот на МАМТ-Скопје.

Потпретседателот на МАМТ-Скопје го заменува претседателот на МАМТ-Скопје во сите права и обврски за време на негово отсуство.

Потпретседателот на МАМТ-Скопје се избира за време од 4 години и може повторно да биде избран.

Потпретседателот на МАМТ-Скопје покренува постапка за дисциплински прекршок.

## 5. ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА МАМТ-Скопје

Член 55

Претседателот на МАМТ-Скопје од редовите на истакнати општествени и спортски работници го бира генералниот секретар на МАМТ-Скопје .

Генералниот секретар се избира за време од 4 години и може повторно да биде избран.

За својата работа генералниот секретар одговара пред претседателот на МАМТ-Скопје .

Генералниот секретар на МАМТ-Скопје ги врши следниве работи:

1. Го застапува МАМТ-Скопје во имотни и други правни работи и е налогодавател за извршување на финансискиот план на МАМТ-Скопје ;
2. Одговара за законитоста на работата на МАМТ-Скопје ;
3. Ја регулира работата на сите тела на МАМТ-Скопје и учествува во работата на органите на МАМТ-Скопје ;
4. Ги одобрува службените патувања во земјата и издава решение за службени патувања во странство;
5. По прашања на материјално и работно-правната положба на работниците во административно-стручната служба на МАМТ-Скопје , во согласност со законот и општите колективни акти, склучува поединечни и колективни договори;

6. Организира, раководи и ја контролира административно-стручната работа во МАМТ-Скопје ;
7. Предлага на управниот одбор правилник за организација и правилник за систематизација на работните места во административно-стручната служба на МАМТ-Скопје ;
8. Остварува контакти и соработка со трети лица, со органите на власта и управата;
9. Се грижи за техничката обработка на документацијата на МАМТ-Скопје ;
10. Се грижи за целокупната матична евиденција на членството на МАМТ-Скопје;
11. Ги подготвува сите нацрт документи, акти и сл;
12. Врши подготовки за седниците на органите на МАМТ-Скопје и извршувањето на одлуките и другите акти;
13. Врши и други работи по налог на претседателот и управниот одбор на МАМТ-Скопје .

Генералниот секретар на МАМТ-Скопје професионално ја извршува својата функција и може да биде член на собранието.

## 6. СПОРТСКИ ДИРЕКТОР

Член 56

Претседателот на МАМТ-Скопје од редовите на истакнати општествени и спортски работници го бира Спортскиот директор на МАМТ-Скопје .

Спортскиот директор се избира за време од 4 години и може повторно да биде избран.

За својата работа Спортскиот директор одговара пред претседателот на МАМТ-Скопје .

Спортскиот директор на МАМТ-Скопје ги врши следниве работи:

1. Раководи, организира и ја следи стручната работа во МАМТ-Скопје ;
2. Раководи со работата на сите органи и комисии освен дисциплинската;
3. Учествува во реализацијата на стручната соработка на МАМТ-Скопје со другите сојузи;
4. Дава и обезбедува стручна помош на членовите на МАМТ-Скопје ;
5. Врши селекција на најдобрите танчери за состав на репрезентацијата по утврдени критериуми;
6. Организира натпревари и се грижи за одењето на репрезентацијата на европски и светски првенства и е составен член на екипата која го претставува МАМТ-Скопје на овие натпревари;

Членовите на МАМТ-Скопје се должни да соработуваат и даваат полна поддршка на спортскиот директор.

## 7. СУДИСКИ ДИРЕКТОР

Член 57

Претседателот на МАМТ-Скопје од редовите на истакнати општествени и спортски работници го бира Судискиот директор на МАМТ-Скопје .

Судискиот директор се избира за време од 4 години и може повторно да биде избран.

За својата работа Судискиот директор одговара пред претседателот на МАМТ-Скопје .

Судискиот директор на МАМТ-Скопје ги врши следниве работи:;

1. Ја координира организацијата на натпревари и учествува на домашни натпревари и на европски и светски првенства и е составен член на екипата која го претставува МАМТ-Скопје на овие натпревари;

Членовите на МАМТ-Скопје се должни да соработуваат и даваат полна поддршка на судискиот директор.

## ОБРАСЦИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РАБОТА НА МАМТ-Скопје

Член 58

За квалитетно функционирање на МАМТ-Скопје и поефикасно спроведување на одлуките на органите на МАМТ-Скопје , благовремено извршување на задачите, координација на работата на органите и лицата со посебни овластувања, МАМТ-Скопје може да формира секретаријат, разни комисии, одбори, стручен совет, специјализирани сервиси, клуб на пријатели на МАМТ-СКОПЈЕ и сл.

### *Комисии*

Член 59

Со цел да се обезбеди добро функционирање на танцовите натпревари во согласност со општите акти и одредби на сојузот, во МАМТ-Скопје се формираат: натпреварувачка комисија, дисциплинска комисија и комисија за развој на танцот во предучилиштна и училиштна возраст.

**Дисциплинската комисија** ја бира собранието на МАМТ-Скопје .

Составот, бројот на членовите, начинот на избор на членовите како и претседателот на дисциплинската комисија се уредуваат со правилникот за дисциплинска и материјална одговорност.

Составот, бројот на членовите, делокругот начинот на работата на натпреварувачката комисија се утврдуваат со натпреварувачкиот правилник.

**Комисија за развој на танцот** во предучилиштна и училишна возраст се формира и работи по процедурата како и натпреварувачката комисија, во согласност со правилникот за танцово образование која ја донесува управниот одбор по предлог на стручниот совет.

### *Одбори*

Член 60

Во МАМТ-Скопје можат да се основаат:

1. Одбор на танцови судии на МАМТ-СКОПЈЕ ;
2. Одбор на водители, учители, кореографи и танчери на спортскиот танц.

Составот, начинот на форнирање и делокругот на работата на овие одбори се утврдуваат со правилникот за организација на одборите, кои го донесува управниот одбор.

Со работата на одборот раководат секретарите на одборите.

Секретарите на одборите ги поставува управниот одбор на предлог на претседателот на МАМТ-Скопје .

## *Репрезентација на Македонија*

Член 61

За учество на меѓународни натпревари се формираат:

1. Сениорска репрезентација на Македонија.
2. Јуниорска репрезентација на Македонија.
3. Детска репрезентација на Македонија.

Во танцовата репрезентација може да настапи натпреварувач кој со селекција е избран од страна на спортскиот директор.

Член 62

Избраниот репрезентативец, кој без оправдано образложение нема да ги изврши своите обврски кон репрезентацијата, како и тренерот и другите спортски работници кои го спречуваат учеството на натпреварувачот во репрезентацијата, прават тежок дисциплински прекршок.

Член 63

Ознаките и симболите на репрезентацијата, натпреварувачите можат да ги носат само на натпревари на репрезентацијата.

За танцовата репрезентација на Македонија може да настапи само натпреварувач кој е член на МАМТ-Скопје .

Критериумите врз основа на кои се дефинираат правата и обврските на репрезентативецот ги утврдува управниот одбор на МАМТ-Скопје .

## *Административно-стручна служба на МАМТ-Скопје*

Член 64

За вршење на стручни, административни и помошни работи, МАМТ-Скопје има стручна служба.

Вршењето на одредени работи МАМТ-СКОПЈЕ може да ги довери на соодветни стручни институции и организации.

Организацијата и работата на стручната служба се уредува со правилник за организација и правилник за систематизација на работните места во МАМТ-Скопје .

Со работа на административно-стручната служба раководи генералниот секретар на МАМТ-Скопје .

Член 65

За вршење на својата работа административно-стручната служба соработува со стручни служби на членовите на МАМТ-Скопје, како и со стручните служби на министерствата на владата на Р.М., Агенција за млади и спорт и други спортски сојузи.

Член 66

Во согласност со општите акти и закони работниците на административно-стручната служба на МАМТ-Скопје имаат право на соодветна заработка и други примања, права , обврски и одговорности по основа на работен однос.

## *Соработка*

Член 67

Сојузот остварува соработка со танцови организации и сојузи на странски земји како и со меѓународната танцова организација (**ИДО**) и други меѓународни спортски организации.

***средства за работа и финансирање на работата на МАМТ-СКОПЈЕ***

Член 68

Средствата за работа на МАМТ-СКОПЈЕ се обезбедуваат од: членарина, уписнина, уплатени котизации за натпревари, надокнада за услуги и надокнада од вршење на дејнст, фонд за развој на врвен спортски танц, приходи од сопствени претпријатија и други стопански организации, прилози од донатори и спонзори, донации и др извори.

МАМТ-Скопје може да се здобие и со приходи со вршење на поедини дејности (информирање и издаваштво, угостителство и туризам, организирање приредби и манифестации, обука и сл.) во согласност со законот.

Поради вршење на дејност од став 3 од овој член МАМТ-Скопје може да формира и претпријатие, подружници и сл.

Член 69

За финансирање на посебни активности од програмата на работата на МАМТ-Скопје заинтересираните членови можат да ги здружат средствата и да формираат фондови за посебна намена во МАМТ-Скопје.

Располагање и ракување со средствата од став 1 од овој член се врши во согласност на одлуката на здружувачите на средствата и со соодветните општи акти на МАМТ-Скопје.

Член 70

Материјално финансиското работење и евиденцијата на средствата на МАМТ-Скопје се уредуваат со посебни општи акти.

Член 71

МАМТ-Скопје управува и ги користи објектите и средствата со кои располага или му се дадени на користење.

Член 72

Имотот и средствата кои МАМТ-Скопје ги има на денот на усвојување на овој Статут се општествен капитал со кој МАМТ-Скопје располага во согласност со закон.

***Јавност во работењето***

Член 73

Работата на МАМТ-СКОПЈЕ е јавна.

Јавноста во работењето на МАМТ-Скопје се обезбедува преку јавните седници на органите, телата и другите собири во МАМТ-Скопје, давање информација за нивната работа и соработка со средствата за јавно информирање.

МАМТ-Скопје може да има и свој весник, а неговата содржина и назив го утврдува управниот одбор на МАМТ-Скопје .

Член 74

МАМТ-Скопје редовно ги запознава своите членови со одлуките, ставовите и предлозите усвоени на седниците на органите, телата и други собири во асоцијацијата.

За актуелните случувања во МАМТ-Скопје јавноста се информира преку средствата за јавно информирање или преку издавање на посебни информации и билтени.

Член 75

Со одлука на управниот одбор МАМТ-Скопје може да оформи служба за информирање или да овласти лице (П.Р. Менаџер) кој ќе го претставува пред јавноста.

Претставникот на МАМТ-Скопје кој дава податоци и информации во врска со работата на МАМТ-Скопје е одговорен за нивната точност.

Давање на податоци и информации без овластување или информации кои не одговараат на фактичката состојба и вистината, претставуваат тежок дисциплински прекршок.

***Општи акти***

Член 76

Општи акти на на МАМТ-Скопје се Статут на асоцијацијата, правилници, деловници и одлуки со кои на општ начин се регулираат прашањата.

Иницијатива за донесување на Статутот на МАМТ-Скопје може да предложи секој член како и органите на асоцијацијата .

Член 77

Управниот одбор на МАМТ-Скопје ги разгледува иницијативите за донесување, односно измени и дополнување на статутот.

Доколку управниот одбор на МАМТ-Скопје ја прифати иницијативата го утврдува нацртот на статутот, односно нацрт одлука за измените и дополнувањата на статутот и организира јавна расправа.

По завршување на расправата управниот одбор на МАМТ-Скопје го утврдува предлогот на статутот, односно предлог одлуката за измени и дополнување на Статутот и го доставува до собранието на усвојување.

Во итни случаи управниот одбор може да го достави предлогот и без спроведување на јавна расправа.

Член 78

Општите акти на на МАМТ-Скопје стапуваат на сила од денот на нивното донесување, ако со одлука за нивното донесување не е поинаку регулирано.

***Решавање на спорови***

Член 79

Во МАМТ-Скопје може да се формира постојана арбитража на МАМТ-Скопје како независен орган кој во одлучувањето е самостоен, со задача да ги решава споровите помеѓу членовите на МАМТ-Скопје и споровите помеѓу МАМТ-Скопје и неговите членови во врска со примена на Статутот и другите општи акти на МАМТ-Скопје .

Одлука за потребата од постојана арбитража како и правилник со кој се уредува организацијата на постојаната арбитража како и постапката пред неа, го донесува управниот одбор на МАМТ-Скопје .

***Престанок на работа на МАМТ-Скопје***

Член 80

МАМТ-Скопје престанува со работа во согласност со законот.

Одлуката за престанок на работа ја донесува собранието на МАМТ-Скопје кога 2/3 од вкупниот број членови на МАМТ-Скопје по писмен пат ќе се изјаснат за престанок на работата на МАМТ-Скопје .

Член 81

Во случај на престанок на работата на МАМТ-Скопје средствата што останувааат по намирување на обврските, се користат на начин утврден со одлука на Управниот одбор на МАМТ-Скопје.

***Преодни и завршни одредби***

Член 82

Општите акти на МАМТ-Скопје ќе бидат донесени во рок од три месеци од денот на стапување во сила на овој Статут.

Доколку државниот орган надлежен за регистрација на овој статут бара измена на одредени негови одредби од формални причини, управниот одбор се овластува да удоволи на барањето без свикување на собранието на МАМТ-Скопје .

Член 83

Овој Статут влегува во сила со денот на неговиот упис пред надлежниот регистарски орган.

ЗДРУЖЕНИЕ МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА ЗА МОДЕРНИ ТАНЦИ * СКОПЈЕ

МАМТ-Скопје
Претседател
Влатко Павлески